- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 МШ), Општина Штип и Општина Радовиш, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот во периодот на изградба на ветерните електрани, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Во насока на минимизирање на негативните влијанија врз животната средина и намалување на бучавата до ниво кое нема да има негативно влијание врз луѓето и животинскиот свет во околината на предметната локација се препорачува современ дизајн на конструкцијата.
- Треперењето на сенката, како резултат на движењето на перките, би можело да има негативно влијание врз населението и биоценозите кои се во близина на ветерните електрани, заради што во насока на минимизирање на последи- ците потребно е да се направат испитувања под кој агол паѓаат сончевите зраци врз предметната локација во различни временски интервали од денот и во различните периоди од годината.
- Да се направи правилен избор на конструкција и техника за поставување на инсталациите во насока на заштита од ерозија предизвикана од ветер на околното земјиште и сливните подрачја на реките кои се наоѓаат во близина на предметната локација.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања

во животната средина.

- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалиштата и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите и деградација на биодиверзитетот.
- При изработката на документацијата на предметниот простор да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MM7), Општина Штип и Општина Радовиш, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Љуботен, Шопур, Шашаварлија, Долани и Штип во Општина Штип, како и во Дамјан и Бучим во Општина Радовиш има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. Во катастарските општини Танатарци, Чифлик, Кошево, Калапетровци и Никоман во општина Штип нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.
- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Струмичко-радовишки туристички регион во кој се утврдени 4 туристички зони со 12 туристички локалитети.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за условите за планирање на просторот со намена изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет), Општина Штип и Општина Радовиш се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства, во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Согласно Просторниот план на Република Македонија, мал дел од трасата за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет), Општина Штип и Општина Радовиш се наоѓа во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и Агенција за планирање на просторот барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 МШ), Општина Штип и Општина Радовиш, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

При планирање на просторот во рамките на планскиот опфат да се имаат во предвид и заклучните соглесувања од Условите за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од Септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП) на електронскиот систем е-урбанизам.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ СО ТЕХНИЧКИ БРОЈ Y40325 ОД СЕПТЕМВРИ 2025

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на 2x400 кВ надземен далновод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип. Должината на трасата изнесува околу 6,8км.

Трасата се сече со траси за кои има издено:

- Услови за планирање на просторот за надградба на магистралниот пат М6, Штип-Струмица во автопат со тех.бр. У20610 (согласно овие Услови за планирање изработен е Проект за инфраструктура за автопат Штип-Струмица со Бр. 11254 со тех. бр. 1428/2009 од април 2011

година од страна на Балкан Консалтинг ДОО но истиот не е одобрен од надлежен орган но проектот е приложен информативно како прилог на оваа документација)

- Услови за планирање на просторот Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод з делница 3 Штип-Радовиш-Хамзали со тех.бр У20811– согласно добиените информации од АД НОМАГАС Скопје во државна сопственост со Бр. 08-4119/2 од 22.08.2025 година во граници на планскиот опфат не е донесена планска документација.
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на државен пат А4 делница Штип-Радовиш со тех.бр У35114, согласно кои е одобрен Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура на државен пат А4 делница Штип - Радовиш од км 7+413.49 до км 37+198.88 од км 7+413.49 до км 28+000 одобрен од Министерство за транспорт и врски до Потврда број 71-2294/4 од 06.04.2021 година;
- Услови за планирање на просторот со намена сообраќајна инфраструктура- локален пат, КО Љуботен и КО Лакавица, општина Штип со тех.бр У29925. (согласно овие Услови за планирање не е донесен урбанистички проект)
- Трасата се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изградба на ветерен парк (производство на електрична енергија од обновливи ивори со капацитет над 10 MW) Општина Штип и Општина Радовиш со тех.бр У00225 за кои е донесен Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на Ветерен Парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10Mw) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, изработен од „Квадар„ ДОО Скопје, со технички број 0701-960 од јуни 2025 година донесен со одлука број: 50-5847/15 од 17.06.2025 година.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности.
- Поставувањето на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.
- Согласно определбите на Просторниот план на Р.Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е

поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- За наводнување на обработливите површини во ВП „Средна и Долна Брегалница" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 25.758 ха. За планскиот период се предвидува во ова водостопанско подрачје да се наводнуваат вкупно 49.069 ха. При изработка на документацијата да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување на обработливите површини и соодветно на тоа да се превземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Низ локацијата за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип минува постојниот преносен 400кВ далновод Штип-Дуброво, заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).
- Локацијата за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, нема конфликт со осанатите постојни и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.
- Трасата на планираниот гасовод од делница 3 (чвор Исток-Радовиш- Хамзали) се сече со планираната траса на далекуводот заради што при изработка на урбанистичката и проектната документација треба да се почитуваат позитивните закони и правилници од релевантната област.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата за поставување на надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Иницијативата за поставување на надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.

Јавни функции

- Предложената локација за поставување на надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- Поставувањето на 2x400 кУ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:
  А4 (М-6) - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта „Р1" и се со ознака:
  Р1204 - (Куманово-врска со А2-Свети Николе-Овче Поле-врска со А3- Кадрифаково-Штип-Софилари-врска со А4);
  Р1403 - (Врска со А4-Радовиш-Владиевци-Василево-Струмица - врска со А4);
  Р1103 - (Лакавица-врска со А4-Неготино-Кавадарци-Дреново-врска со Р1101).
- При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на „заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.
- При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во железничкиот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на железнички систем и сигурност, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица,

Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на поставувањето и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Љуботен и Пухче има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети, додека на подрачјето на катастарската општина Лакавица нема евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно- историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на

Брегалнички туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 29 туристички локалитети.

- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за условите за планирање на просторот со намена 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, се наоѓа индиректно загрозени простори од воени дејства и во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на 2x400 кВ надземен далекувод во КО Љуботен, КО Пухче и КО Лакавица, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

3. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНИРАЊЕТО И ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ПЛАНИРАЊЕТО

Основна цел за изработка на овој урбанистички план е користење на обновливи извори за добивање на електрична енергија. Искористувањето на ветерната енергија, односно нејзиното трансформирање во електрична енергија овозможува економски придобивки и развој, како и позитивно влијание врз животната средина и јавното здравје на луѓето.

Изменувањето и дополнувањето на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење има за цел да ги опфати и вклучи промените настанати во развојот на проектот, со што ќе се овозможи негова побрза и поефикасна реализација во согласност со потребите за инфраструктурно унапредување и техничка усогласеност со актуелните услови на теренот.

Целта на измената и дополнувањето е да се создадат услови за:

- фазна реализација на проектот;
- подобра организација на инвестициските активности;
- појасна распределба на техничките системи и пристапната инфраструктура;
- транспарентно планирање и полесно спроведување на планот во согласност со законските процедури.

Површината на планскиот опфат од усвоениот урбанистички план за подрачја и градби од државно значење изнесува вкупно 385ха. Во рамките на измената и дополнувањето на

урбанистичкиот план е извршено проширување на планскиот опфат во однос на важечкиот урбанистички план, при што за прошириниот дел се издадени соодветни услови за планирање на просторот. За проширувањето на планскиот опфат за изградба на далноводот се прибавени услови за планирање издадени од страна на Агенција за планирање на просторот со технички број Y40325 од Септември 2025 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број 15-4071/2 од 02.10.2025 година, добиени во постапка број 74506 (Детали за УПП).

Согласно член 95, став 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) со урбанистичкиот план се предвидени градби без воопшто да се формира парцела и тоа за специфични намени во природни средини вон населени места за коишто не се предвидува стандарден категоризиран сообраќаен пристап или друга инфраструктура, или пак самите се делови од поединечни инфраструктурни системи, како што се: ветерни електрани.

Со Изменувањето и дополнувањето се предлага предходно донесениот плански опфат да се подели на повеќе посебни и самостојни опфати, при што секој од нив ќе се третира како независен просторен опфат. За секој опфат се утврдуваат самостојни граници, урбанистички параметри, услови за планирање и изградба, како и начини на управување и одговорности, со цел целосна усогласеност со законските и стандардните урбанистички норми и прописи и при тоа:

Површината на планскиот опфат за Изменување и дополнување на УППГД3 изнесува 412,36ха и тоа:

Површина на опфат 1 изнесува 153,23ха и истата е составена од два дела и тоа

- дел 1.1 со површина од 141,16ха и
- дел 1.2 со површина од 12,07ха.

Површина на опфат 2 изнесува 109,97ха и истата е составена од два дела и тоа

- дел 2.1 со површина од 66,91ха и
- дел 2.2 со површина од 43,06 ха.

Површина на опфат 3 изнесува 115,87ха.

Површина на опфат 4 изнесува 33,3ха.

Со изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот план се предвидува издавање на одобрение за градење за секој плански опфат и неговите делови само доколку урбанистичкиот план ги третира како една целина со усогласени услови за градба и инфраструктура, при што одобрението ги покрива сите објекти и активности предвидени во рамките на тие опфати.

Од причина што за предметниот плански опфат има веќе донесен Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија со одлука бр. 50-5847/15 од 17 јуни 2025 година (Службен весник на РСМ бр. 122/25), за измената и дополната на истиот не е изработена студија за оправданост за изработка на урбанистичкиот план согласно член 17 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

За проектната активност, согласно релевантната законска регулатива, Инвеститорот има изработено Студија за оцена на влијанието врз животната средина, за која од Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за издавање на согласност.бр.11/256/3 од 14.08.2009 година чија важност е продолжена за период од две години со решение бр. УП1-11/4-210/2024 од 14.02.2024 година.

Програмски содржини

На подрачјето на овој урбанистички план се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, група на класи на намени, класи на намени и поединечни намени и нивни ознаки:

Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА

Г3 - Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производство на енергија од обновливи извори, поединечна намена:

Г3.7- Ветерни електрани

Е - ИНФРАСТРУКТУРИ

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, поединечна намена:

Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури,

Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици и помошни инсталации

Е1.9 - Телекомуникациски водови

Во рамки на планските опфат во целост се задржуваат површините за градба за 54 ветерни турбини за производство на електрична енергија од обновливи извори, 3те метеоролошки кули за мониторинг на ветрот и временските услови, се планираат нови површини за градба за трансформаторски станици, столбови од далноводи и помошни инсталации.

Да се овозможи избор на комплементарни и компатибилни намени при спроведување на урбанистичкиот план, а во согласност со нормативите и условите во членовите 80-84 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25).

Инфраструктура

Измената и дополната на урбанистичкиот план за градби и подрачја од државно значење се изработува врз основа на ажурирана геодетска подлога каде се евидентираат сите постојни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат во документационата основа на планот.

Во постојна состојба сообраќајниот пристап до предметната локација е преку мрежа на некатегоризирани патишта кои служат како врска меѓу селата што се во границите на планскиот опфат. Од оваа мрежа на патишта обезбеден е индиректен пристап до градот Штип и до магистралниот патен правец А4 (М-6) Штип – Радовиш на две места, преку селото Љуботен од југозапад и преку селото Дамјан од југоисток. Потребно е да се надгради оваа постојна сообраќајна мрежа и да се доизградат патишта така што секоја новопредвидена градба во планскиот опфат ќе има обезбеден колски пристап. Решението на внатрешните патишта во ветерниот парк потребно е да обезбеди безбеден, ефикасен и одржлив пристап во сите фази на проектот - од изградба до работа и одржување.

Согласно член 95, став 5 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25) со урбанистичкиот план се предвидени градби без воопшто да се формира парцела и тоа за специфични намени во природни средини вон населени места за коишто не се предвидува стандарден категоризиран сообраќаен пристап или друга инфраструктура, или пак самите се делови од поединечни инфраструктурни системи, како што се: ветерни електрани.

Пристапот до планските опфати ќе се обезбеди преку постојни некатегоризирани патишта, согласно со член 95 став (6) и (7) од Правилникот за урбанистичко планирање, имајќи предвид дека станува збор за градби кои поради својата специфична намена и локациски услови се сместени на недостапни или тешко достапни терени, каде не постои потреба од применување на стандардите за минимални димензии на сообраќаен пристап.

Носителот на одобрение за градење за секој опфат, третиран како посебна функционална целина, е должен да обезбеди согласност од носителите на право на градење на останатите функционални целини (опфати), со цел обезбедување усогласеност во реализацијата на инфраструктурата и заедничките површини

Постоечката инфраструктура, доколку ја има на локацијата, потребно е да се прилагоди соодветно со планските потреби. Во рамки на површината за градење за сообраќајната инфраструктура потребно е да се овозможи поставување на подземни инсталации (електрични, водоводни, канализациски, телекомуникациски и сл.), како и изведба на пропусти за атмосферска вода под коловозната конструкција.

За донесениот Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење е обезбедена Водостопанска согласност со арх. бр. 11-3482/6 од 07.07.2025 година, издадена од Секторот за води при Управата за животна средина во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во делот на планот каде што е извршено проширување на опфатот, и покрај тоа што не е добиен допис со податоци и информации од Секторот за води, при извршениот теренски увид е утврдено дека во подрачјето постојат постојни водотеци и реката Крива Лакавица.

Со цел да се обезбеди соодветна анализа и усогласеност со законската регулатива во делот на заштитата од штетното дејство на водите, е изработен Елаборат за хидролошко-хидраулička анализа на големите води за три водотеци и за реката Крива Лакавица, кои се наоѓаат во катастарските општини Љубен, Пухче и Лакавица, во рамки на Општина Штип.

За планскиот опфат предвиден за поставувањето на ветерни турбини, е издадено Решение за согласност за изградба на Ветерен парк Штип, под Уп. бр. 12-195/2025 од 29.04.2025 година, издадено од Агенцијата за цивилно воздухопловство. Во делот каде што е извршено проширување на планскиот опфат за изградба на далноводот, согласно допис бр. 12-8/832 од 04.11.2025 година од Агенцијата за цивилно воздухопловство, се дадени насоки дека при изградба на далноводи со напон поголем од 110 kV, особено при премин преку автопат, потребно е да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, издадена од надлежната Агенција.

При изработување на урбанистичкиот план потребно е да бидат почитувани сите податоци, информации, претходни услови и мислења добиени од органите на државната управа и другите надлежни субјекти.

Во постака бр. **75593** (Детали за постапка за податоци, информации и мислења) и постапка бр. **76051** (Детали за постапка за податоци, информации и мислења) на електронскиот систем е - урбанизам се добиени следните податоци и информации кои ќе бидат вградени во планската документација:

- **Дирекција за заштита и спасување, Сектор за оперативна и логистика, Подрачно одделение за заштита и спасување – Штип** со допис бр. 09-260/2 од 17.10.2025 година има доставено предходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработката на планот
- **Дирекција за заштита и спасување, Сектор за оперативна и логистика, Подрачно одделение за заштита и спасување – Радовиш** со допис бр. 09-69/2 од 24.10.2025 година

има доставено предходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработката на планот

- **НОМАГАС АД Скопје** со допис бр. 08-4899/2 од 14.10.2025 година известува дека на наведениот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.
- **Општина Радовиш** во допис бр. 26-921/2 од 13.10.2025 година има доставено одговор на барање за податоци и информации дека не располагаат со предходно донесена урбанистичка документација за предметната локација.
- Друштво за комуникациски услуги **А1 Македонија** во допис бр.11-5669/1 од 17.10.2025 година има доставено податоци за постојни подземни инсталации во електронска форма кои треба да се земат во предвид со урбанистичкиот план.
- Во одговор на барање со бр.20-4179/2 од 24.10.2025 година, Ј**авното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ – Скопје** не известува дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга и дека на предметната локација нема планирана и постојна инсталација во нивна сопственост.
- Јавно претпријатие за комунално производни и услужни работи **ЈП ИСАР - Штип** со допис бр. 15-382/2 од 27.10.2025 година доставува информација дека нема постоечки инсталации на водовод и фекална канализација.
- **Македонскителеком АД** во допис бр. 75593 од 21.10.2025 година известува дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура, доставена на графички прилози кои треба да се земат во предвид при изработка на планот.
- **Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје** во допис Бр. 10-24/2-437 од 24.10.2025 известува дека во рамки на дадениот опфат поминуваат 35кв подземна и надземна мрежа, 10(20)/ 0,4кв трафостаница, 10(20)кб подземна и надземна мрежа и 0,4кв надземна мрежа за кои е дадена графчки приказ и треба да се земат во предвид при изработка на урбанистичкиот план.

  НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот. Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

  Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

  Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.
- **Јавното претпријатие за државни патишта** со допис бр. 10-11252/2 од 27.10.2025 година известува дека низ предметниот плански опфат поминува експресниот пат А4 и исто

така поминува траса на проект за инфраструктура за изградба на автопат Штип-Струмица која во понатамошните активности треба да се земе во предвид.
Бидејќи дел од трасата на инсталацијата се вкрстува со државните патишта, информираат дека нареден чекор во постапката е обезбедување на Одобрување за премин и водење на инсталацијата од Јавното претпријатие за државни патишта. Во секој случај условите ќе зависат од конкретните услови на терен и истите ќе бидат дефинирани во Одобрувањето. Истот така, укажуваат дека водењето на инсталцијата да биде надвор од патниот појас на државните патишта и да се усогласи со постоечката и планираната патна инфраструктура.

- **Агенцијата за цивилно воздухопловство** во допис бр. 12-8/801 известува дека остануваат да важат условите за обележување на ветерните турбини како препреки во воздухопловството дадени од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство со решение бр. 12-195.2025 од 29.04.2025 година
- Исто така **Агенцијата за цивилно воздухопловство** во допис бр. 12-8/832 од 04.11.2025 година известува дека за изградба на далноводи со напон над 110Кв на премин преку автопат потребно е да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај од Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно член 80, став 1 и 2 од Законот за воздухопловство (Сл.Весник на РСМ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), на изработена проектна документација, а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.
- **АД МЕПСО** со допис бр. 11-5792/1 од 21.10.2025 година известува дека предметниот плански опфат се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа:
  1.Се сече со 110Kv далекувод на АД МЕПСО и
  2. се сече со 400Kv далекувод на АД МЕПСО со
  НАПОМЕНА:
  Податоците се од информативен карактер и затоа при реализација на предметната активност потребно е да се направи детална геодетска снимка на планскиот опфат со приказ на постојна состојба на земјиштето, катастарските парцели, градби и податоци за подземни, надземни и воздушни инсталации, како и нивелациони коти на теренот, на ажурирана геодетска подлога, согласно член 2, точка 1 и член 43 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020). При тоа треба да се почитува одредбата согласно член 203 и член 204 од Законот за енергетика (Сл.Весник на РМ бр. 96/2018), како и член 224 од Мрежните правила за пренос на електрична енергија (Сл.Весник на РМ бр. 4/2022). Во случај на потреба од евентуална дислокација на ЕЕ објекти опфатени со планскиот опфат, наведената активност ќе се изврши врз основа на Проект за дислокација на ЕЕ објакти, одобрен од страна на АД МЕПСО, а комплетните трошоци околу евентуална дислокација, вклучително и Проектот за дислокација ќе бидат на Ваш товар и сметка. Доколку при реализација на планираните градежни работи настане штета врз електроенергетските објекти, инвеститорот е должен да ја надомести штетата на АД МЕПСО – Скопје.
- Одговор по барање податоци за постоечки инсталации со допис рег.бр.11.2.103482/2 од 07.10.2025 година од **Оддел за информатика и телекомуникации, Сектор за комуникации, Министерство за внатрешни работи** известуваат дека немаат податоци за постоење на нивна телекомуникациска инфраструктура.. Доколку во текот на

изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидат известени.
НАПОМЕНА: Оштетувањето на јавната инсталација е кривично дело кое е опфатено со член 291 од КЗ, Сл.Весник на РСМ бр. 188/23.

- **Управа за животна средина, Сектор за природа, Министерство за животна средина и просторно планирање** во допис број со арх.бр. 11-4922/2 од 24.10.2025 известува дека планскиот опфат не е во граници на Емералд подрачје и идентификуваните Натура 2000 подрачја во Република Северна Македонија.
- Согласно доставените податоци од **Управата за заштита на културно наследство, Министерство за култура** со бр. 17-531/8 од 27.10.2025 година констатирано е дека во границите на опфатот постојат повеќе евидентирани археолошки локалитети и упатуваат на НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип како надлежна установа да извршат увид во границите на предметниот плански опфат и да се произнесат со стручно мислење. По насоките од Управата, Инвеститорот се обрати до НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип од каде е добиена допис бр. **08-272/6 од 25.09.2025 година**, дека по извршен увид на дадената локација констатирано е дека во рамки на планскиот опфат не постои евидентирано културно наследство, со напомена: Доколку за време на изведување на градежните и земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција односно **НУ- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип** за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.
